Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години
Основана 1922

Број 463 www.mchamber.mk 16.7.2021



**Васко Ристовски**
Менаџер во организационата целина за претставување на членките и вмрежување

# ИДНИНАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ТУТУН Е ВО ПРОИЗВОДСТВО СПОРЕД СТАНДАРДИ ЗА КОНКУРЕНТЕН ПРОИЗВОД СО ВИСОК КВАЛИТЕТ

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
IGM trade
T · ·
МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel INDUSTRIES
nextsense
VERO сè на едно место
КОЖУВЧАНКА
MERMERE Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

Comfy Angel
OKTA
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
HALKBANK
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна
scalefocus
ДЕ-НИ МЕБЕЛ
cargo-partner
Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин
SPARKASSE BANK
Ultra
SMELT-ING
VEZESHARRI
LECKER elektro
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion
AllianceOne




**Посетете не’ на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# Одржана работна средба за подготовка на подзаконски акт со цел обезбедување континуитет на работата кај компаниите на оние работни процеси кои не можат да се прекинат поради спецификата на нивниот техничко-технолошки процес




Денес во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа работна средба на Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство, и претставници од организационата целина за претставување на членките и вмрежување при Стопанската комора на Северна Македонија со претставници на Министерството за труд и социјална политика и Кабинетот на потпретседателот за економски прашања при Владата на Република Северна Македонија.

Оваа средба беше реализирана како заклучок од редовната квартална средба на Асоцијацијата со потпретседателот на Владата за економски прашања г.Битиќи и економскиот тим, а кој подразбираше формирање на работна група со цел олеснување на подготовката на подзаконскиот акт, произлезен од измените на Законот за работни односи во делот на воведување на денот Недела како неработен

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основана 1922

ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA
Founded 1922



Excellent
Small & Medium Enterprises
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

# Веб-сертификат EXCELLENT SME


Стопанска комора на Северна Македонија
Excellent SME Македонија
„Димитрие Чуповски“ 13
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Контакт: Валентина Цветковска
Т: (02) 3244063 / 071 811 645
E: excellent-sme@mchamber.mk
E: valentina@mchamber.mk
W: https://excellent-sme.mchamber.mk

ден, а со кој би се дефинирале дејностите и работите кои не би можеле да бидат прекинати заради непречено обавување на дејноста на компаниите.

Во конструктивна дискусија се разговараше за потребите и процесите на компаниите од Асоцијацијата, но и другите компании, членки на Комората, кои не смеат да го нарушат континуитетот на технолошкиот процес во целост, а кои се дефинирани како помошни или поддржувачки процеси. Истите треба да бидат вклучени во подзаконскиот акт кој би произлегол од измените на горенаведениот закон, а кој треба да има апликативна примена од 01.10.2021 година.

Беше донесен заклучок, што е можно попрецизно да се определат сите помошни и придружни дејности, односно работи во рамките на главната/претежната дејност, со цел одржување на континуитет во работењето. Овие предлози, дадени од Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство и Советот на странски инвестиции, но и од сите индустриски гранки, генерално, претставени преку Стопанската комора, ќе бидат доставени до крајот на месецов до Министерството за труд и социјална политика, како и до Кабинетот за економски прашања при Владата.

На средбата на претставниците од надлежните институции им беше пренесено очекувањето предлог подзаконскиот акт да биде доставен на разгледување до сите засегнати субјекти до средина на месец август, а за да има доволно време до неговата целосната имплементација за доработка или до прецизирање кое би било во насока на негова ефикасна употреба и разбирање, од страна на сите инволвирани страни.



# ИДНИНАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ТУТУН Е ВО ПРОИЗВОДСТВО СПОРЕД СТАНДАРДИ ЗА КОНКУРЕНТЕН ПРОИЗВОД СО ВИСОК КВАЛИТЕТ



Здружението на производителите на тутун и производи од тутун при Стопанската комора на Северна Македонија минатата седмица одржа состанок на кој учествуваа и претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и двете Асоцијации на тутунопроизводители. Притоа, беа анализирани состојбите со производството и откупот на тутун од реколта 2020 година како и состојбите со претстоечката берба од реколта 2021 година.

Согласно официјалните податоци, откупени беа 26.953 тони суров тутун со просечна цена од 158 ден/кг. Притоа, од типот Јака беа откупени 280 тони (1%) со просечна цена од 169 ден/кг, додека од типот Прилеп 26.673 тони (99%) по цена од 158 ден/кг. Производството не е намалевно во споредна со претходната година но просечната цена е драстично намалена, кога имавме 219 ден/кг.

Оваа година имавме лоша реколта. На крајот на откупот цената беше 48 ден/кг. Имаше три смртни случаи а инспекторатот, сојузот на тутунопроизводители и откупните фирми годинава закажаа. Субвенциите на тутунопроизводителите не се исплатени за 2019 и 2020 година. Имаше откупни компании кои не го земаа договорениот тутун а инспекторатот истите не ги гонеше- беше истакната на прес конференцијата во Стопанската комора на Северна Македонија

Нарушувања во текот на откупот имаше, но прецизни забелешки треба од страна на Асоцијацијата на тутунопроизводители да се достават писмено до ресорното министерство. За последната реколта имаше договорено околу 23.000 тони, а беа откупени 27.000 тони. Откупните компании излегоа во пресрет и го откупија целоит вишок, но ако и годинава истото се повтори - нема да биде добро. За среќа имаше разбирање и интерес од откупувачите, па целиот вишок се откупи но по пониска цена.

За последниот откуп имаше регистрирано десет откупни компании, но во меѓувреме една од нив беше затворена и не ги откупи договорените количини. Вишокот производство беше откупено од Сокотаб (повеќе од 1000 тони) ТКП-1052 тони, Алајнс Уан Македонија-852 тони. Сокотаб откупи 32,10% од овогодинешната реколта, Алајанс Уан Македонија 25,93%, Секе 14,2%, ТКП 13,60% а преостанатиот дел беше откупен од помалите откупни компании. Ако Закон за тутун и тутунски производи постои, сите треба да го почитуваат. Производителите истиот треба да го почитуваат за да нема вишоци и ситуации како годинава. Порано имаше Стокови резерви каде се откупуваше вишокот на тутун, но сега такво нешто нема, со што се отежнува решабањето

на вишок производство.

Имаше 4000 тони вишок, што беше воедно проблем и за откупните фирми, Но не остана неоткупен тутун што е добро за тутунопроизводството.

Оваа реколта треба да биде поука за сите, за да не се повтори ситуацијата и со реколта 2021 година, односно да се преслика проблемот и во новата реколта. Немаше некој квалитет годинава, но имаше вишок производство.

Мора да постои баланс помеѓу производителите и откупувачите, компаниите се ограничени согласно потребите на светски пазар и ги обврзуваат одредени законски прописи. Оптимално производство согласно светската побарувачна е од 20-25.000 тони годишно. Се под тие количини, или пак над нив ќе биде проблем за откупувачите и производителите. Мора да имаме производство според стандарди кои се бараат од откупните компании, ако истите не се почитуваат секако дека тоа производство нема да се откпупува. Потребна е конкурентна продукција и со висок квалитет.

Најважен фактор за квалитетен производ се временските прилики, истите беа неповолни оваа година. Тутунот во минатото беше добро пакуван но со влегување на повеќе откупни компании на пазарот, правилата за откуп се нарушија.

За реколта 2021 година тутун е засаден на 11.784ха и се очекува производство од 22.137тони сиров тутун во лист. Склучени се 27.670 договории и регистрирани 18.752 тутунопроизводители. За реколта 2021 година имаме намалени количини договорено производство. Потребно е внимателно следење на состојбите на терен и дали ќе се појави повторно вишок на тутун, за да се изнајде правовремено решение за проблемот со истиот.

Има помалку договори, и согласно нив се засадени каличини. Околу 35% од тутунот е исушен како резултат на грешки во расадувањето, но факт е дека има вишок засаден тутун без договори, информираа од Здружението на тутунопроизводителите.

Расадувањето беше лошо а годината сушна, повеќе од 30% од тутунот не беше зафатен. Бербата од овогодинешната реколта е на сам почеток. Поради појавата на град во одредени региони, бербата сеуште не е почната и има предизвикано големи штети. Сушата е добра за квалитетот на тутунот, но ќе има помала продукција и генерално не е добро за реколтата. Бербата доцни насекаде а сушата си го направи своето.

Се уште е рано за проценки, но ако се подобрат условите, можно е годинава повторно да имаме вишоци, изјави претставникот на ТКП. Реколтата доцни а количината на дожд е за 45% помала во однос на минатите години.

Затоа, потребно е да се следи состојбата во текот на вегетацијата кај тутунот, а доколку се појави вишок производство-да се преземат потребни мерки.

Согласно податоците но и очекувањата, има повеќе засаден ориентален тутун за реколта 2021 година од склучените договори. Климатските прилики се доста неповолни, па затоа се очекува производство согласно планираното. Доколку се подобрат временските прилики (дожд), ќе се јави вишок производство како и минатата реколта кое ќе мора да се решава заедно со преостанатите залихи од последната реколта, беше кажано на денешниот прес.


video
example
software
easily
participant
electronic
time
information
teaching
education
content
courses
term
online
social
objects
assessment
online
web
example
student
E-LEARNING
knowledge
computers
support
software
virtual
electronic
system
work
classroom
assessment
system
cost
devices
internet
elearning
video
example

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



**Семинар**
**24.06.2021**

# ПРИМЕНА НА ЗАКОН ЗА АРХИВСКО И КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ, ВОДЕЊЕ НА СОПСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА ВО РАМКИ НА ПОТРЕБИТЕ НА ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ

Целта на онлајн семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на заведување на целокупната документација која се создава во текот на работењето во институциите, заведување на Решенија за годишни одмори, патни налози, барања за годишни одмори и сл. Начинот на прием и доставување на документите во деловните простории од страна на вработените по однос на барања за користење на годишни одмори и сл.

Програма на семинарот:

- Закон за архивски материјал;
- Помошна евиденција во канцелариското работење;
- План и листа на архивски знаци со рокови на чување на документи (општ дел);
- План и листа на архивски знаци со рокови на чување на документи (посебен дел);
- Прегледување и распоредување на документи и записи;
- Составување комисија за избор и ништење на документи;
- Распоредување документи по интерни доставни книги;
- Разведување и класифицирање документи по организациони единици;
- Одлагање решени документи во архива;
- Евидентирање на архивскиот материјал;
- Заштита, обезбедување и користење на архивскиот и документираниот материјал во соодветен простор и стандардна опрема;
- Сопствена евиденција во процес на архивирање;
- Воспоставување на ефикасен систем за управување со документи;
- Правилна класификација и рокови на чување на документација;
- Организација и надзор на документиран систем;
- Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење;
- Уредба за канцелариско и архивско работење;
- Правилник за кадровски, технички и просторни услови за работа на документарните центри;
- Упатството за начинот на одбележување на документите со подолги рокови на користење.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар
24.06.2021**

# НАПРЕДЕНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Напредните алатки на Ексел, како што се копирања и"полнења" (filling) , напредни и флеш "полнења", работа со серии, референцирање на келии, "говоречки" келии, работа со повеќе страници (sheets) истовремено и нивно следење, како и макро функциите спаѓаат во најважните алатки со кои максимално се забрзува работењето во Ексел.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме напредните алатки за брза обработка и анализа на податоците.

Научете како Екселот работи во шеста брзина!

Користејќи макроа, Вашите извештаи сега ги правите за дел од секунда!

Обуката е наменета за корисници на Ексел на средно и повисоко ниво и сите оние коишто сакаат да научат како да:

- Препознаваат ситуации во кои примената на напредни Ексел алатки може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Форум
29.07.2021

# ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Стопанската комора на Србија и со Унијата на трговско - индустриски комори на Албанија, во рамки на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), има задоволство да ве покани на:

**ЕКОНОМСКИОТ ФОРУМ ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН**
**29 јули 2021 година (четврток)**
**Хотел „Александар палас“, Скопје, со почеток во 9:30 часот**

Економскиот форум е организиран во рамките на иницијативата за четири слободи (позната како „мал шенген“), лансирана од лидерите на Србија, Северна Македонија и на Албанија во октомври 2019 година.

Основната цел на иницијативата е да ги направи постојните регионални иницијативи поефикасни, за да се постигнат практични и видливи резултати за граѓаните од Западен Балкан. Иницијативата води кон воспоставување заеднички регионален пазар, кој како преодна форма треба да го приближи регионот до Европската Унија и да го забрза патот на земјите од регионот кон полноправното членство.

На Форумот ќе учествуваат и претседателот на Република Србија, Александар Вучиќ, претседателот на Владата на Албанија, Еди Рама, и претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, кои ќе ја презентираат визијата за интегриран регион.

Б2Б средбите на компаниите од земјите од Западен Балкан ќе се одржат во рамките на Економскиот форум, во Хотелот „Александар палас“, со почеток во 12:30 часот.

Регистрирајте се за деловни средби со партнери од регионот на посебно креираната платформа, достапна на следниот лик: ECONOMIC FORUM ON REGIONAL COOPERATION | Registration (https://skopje-economic-forum-2021.b2match.io/signup)

**Контакт лице:**

**Даниела Михајловска Василевска**
**++ 389 2 3244021, М. 072 220 037**
**daniela@mchamber.mk**

Саем 28.02.2022 - 02.03.2022

# Саемска манифестација: „Internatonal Food and Drink Event (IFE)“

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем Internatonal Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

**Предности зошто да учествувате на саемот**

Учество на 1000 малопродажни купувачи. Пазарот на мало предвидено е да порасне за 10 % во следните 3 години. IFE има моќ за привлекување на сите најголеми трговци на мало во Велика Британија.

Сериозност во деловните потфати. Изложувачите на IFE 2019 се очекува во просек да генерираат 223.000 фунти од деловното работење, засновано врз состаноците и врз првичните разговори што се одржаа.

Седум настапи во еден. Предвидено е да се обединат IFE Manufacturing Solutions; The Hotel, Restaurant & Catering Show; The London Produce Show; European Coffee Expo; The UK Pub Show, како и Festival of Enterprise, креирајќи годишен настан за храна, пијалаци и за услуга каде што е сè на едно место. Се очекува повеќе од 2 000 изложувачи да ги презентираат своите производи и услуги со повеќе од 45.000 присутни.

IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија. Главни спонзори на настанот се Одделот за животна средина и рурални работи и Одделот за меѓународна трговија, притоа поставувајќи го настанот високо на агендата на прехранбената индустрија во Велика Британија.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

Подетални информации во врска со настанот можете да најдете на нивната официјална веб-страница: https://www.ife.co.uk/.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, M. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

**Online Бизнис средби**
**27.07.2021 - 29.07.2021**

# „виртуелна“ КОНФЕРЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ „CONNEC-TO 2021“

топанската комора на С. Македонија во соработка со ИНТЕРА-Технолошки парк, Мостар, БиХ преку ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве поканува да земете учество на претстојната „виртуелна“ конференција и деловни средби на тема: CONNEC-TO 2021 што ќе одржат во периодот од 27-29 јули 2021 година во Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ.

Настанот претставува одлична можност да се воспостават контакти со партнери, клиенти и добавувачи од Босна и Херцеговина, регионот на Западен Балкан и од светски рамки.

CONNECTO 2021 претставува платформа за вмрежување меѓу бизнис дијаспората од БиХ и претприемачи од БиХ и регионот на Западен Балкан со една цел:

Настанот е наменет за услужните дејости од следните сектори:

ИКТ и телекомуникации;
Производи и полупроизводи од метали, дрво и пластика;
Инженеринг, проектирање и консалтинг;
Градежна индустрија;
Индустриски и градежни алати и машини;
Производство на вино, земјоделие и прехрана и
Туризам, спорт и рекреација.

Учеството на настанот е бесплатно. Со пријавување на „онлајн“-платформата, ќе имате можност подетално да се запознаете со профилите на останатите учесници, и да ги договорите деловните средби. Официјални јазици на настанот се англиски, босански, хрватски и српски.

**Контакт лица:**
**Ирена Мојсовска**
**++ 389 2 3244009**
**irena.mojsovska@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :

- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете не' на веб-порталот:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99
години
Основана 1922

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел.: : (02) 3244032, stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088